РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУРОСУПЕР БС-95 И ЕУРОСУПЕР БС-98 СЕ НАМАЛУВА ЗА 6,50 ДЕНАР ЗА ЛИТАР, А ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) И ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО (ЕЛ-1) СЕ НАМАЛУВА ЗА 9,00 ДЕНАРИ ЗА ЛИТАР

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, со што се изврши усогласување со измените од Законот за акцизи и измените од Законот за данок на додадена вредност.

**Малопродажните цени на нафтените деривати се намалуваат во просек за 6,45%** во однос на одлуката од 10.03.2022 година.

**Малопродажните цени на бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98, се намалуваат за 6,50 денари/литар, додека малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се намалуваат за 9,00 денари/литар.**

**Малопродажната цена на Мазутот М-1 НС се зголемува за 0,345 денар/килограм и ќе изнесува 60,914 ден/кг.**

**Од 13.3.2022 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **86,50** | **(денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 98** | **88,50** | **(денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **88,00** | **(денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **83,50** | **(денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **60,914** | **(денари/килограм)** |

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат намалување во просек: кај бензинот за 0,814%, кај дизелот за 2,204%, кај екстра лесното масло намалување во просек за 2,489% и кај мазутот зголемување во просек за околу 0,47%.

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период е повисок за 0,189%.

**Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 13.3.2022 година.** Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

12.3.2022